ПОСТАПКИ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

**Прашање:**

Објавен е оглас за квалификациски систем со индикативна техничка спецификација за одредени позиции, но досега врз основа на оваа индикативна техничка спецификација, не е склучен договор. Дали може да започнеме нова постапка за набавка за истите позиции и дали постојат ограничувања или посебни процедури кои мора да се почитуваат пред иницирање на таква постапка?

**Одговор:**

Договорниот орган, согласно со член 75 став (1) од законот, врз основа на планираните извори за финансирање, донесува план за своите вкупни потреби за набавки во тековната година по видови стоки, услуги и работи според ЗПЈН, со кој го определува предметот на набавка, очекуваниот почеток на постапката, проценетата вредност на договорот и видот на постапката за јавна набавка. Притоа, согласно со став (4) од горенаведениот член, договорниот орган, по потреба, во текот на годината може да го измени и/или дополни планот согласно со планираните или обезбедените средства за јавни набавки.

Согласно член 74 став (1) од законот, договорните органи од секторски дејности можат да воспоставаат и да водат квалификациски систем на понудувачи.

Во конкретниот случај, за конкретната потреба, потребно е пред се да биде направено соодветно истражување и анализа на пазарот, со цел да се утврди зошто не е склучен договор преку воспоставување на квалификацискиот систем, но и да се добијат одговор на сите останати прашања, поврзани со постапката.

Истражувањето на пазарот претставува однапред осмислен процес на прибирање, анализирање и интерпретирање на податоците со цел да се добијат информации потребни за донесување на одлуки и решавање на проблемите. Треба да се има предвид дека истражувањето на пазарот обезбедува важни информации за целните пазари, нивната големина и конкурентност.

Од друга страна, преку анализата и истражувањето на пазарот потребно е да се утврди:

- Дали пазарот може да го понуди она што го бара договорниот орган во форма која првично ја утврдил при неговата проценка на потребите?
- Веројатниот интерес за набавката и фактори кои може да влијаат врз нивото на интерес?
- Колку договорниот орган знае за деловните и за техничките аспекти на пазарот?
- Како ќе реагира договорниот орган на перцепцијата што ја има пазарот за привлечноста на конкретната набавка

Согласно горенаведеното, врз основа на резултатите од истражувањето на пазарот договорниот орган треба да донесе важни одлуки, за спроведување на набавките, како на пример:

- Дали предметот на набавка ќе биде делив?
- Дали ќе се спроведе групна набавка?
- Која постапка е најсоодветна ?
- Дали набавката ќе се спроведе преку Централно тело?
- Дали да се склучи рамковна спогодба /квалификациски систем ?
- Дали да се дозволи доставување на алтернативни понуди или не?

Во законот не постои директно ограничување за тоа дали договорниот орган може да користи посебни начини за спроведување на постапките (квалификациски систем, рамковна спогодба и сл.), а во исто време за истата потреба да се спроведе и некоја од редовните постапки за јавни набавки.

Сепак, за иста потреба и ист предмет за набавка, не би требало истовремено да се спроведуваат повеќе постапки, односно би требало квалификациски систем за тој предмет на набавка да се укине, па да се отпочне со нова постапка.

## ПЛАНИРАЊЕ / ПРЕТХОДНА ПРОВЕРКА НА ПАЗАРОТ

Прашање:

Дали договорниот орган има обврска во текот на една година, да спроведе барем една набавка преку е-пазар, и дали не спроведувањето на набавка преку е-пазар има некакви консеквенции по Договорниот орган?

Одговор:

Спроведувањето на постапките за јавни набавки од мала вредност до 10.000 евра за набавка на стандардизирани стоки на Електронскиот пазар за набавки од мала вредност односно користењето на е-Пазарот овозможува:

- побрзо, поефикасно и пофлексибилно спроведување на постапките од мала вредност,
- пократки рокови за набавка во споредба со спроведување преку ЕСЈН,
- можност за сукцесивни набавки во текот на годината согласно реалните потреби,
- можност за наведување на марка, бренд или ознака на стоката која договорниот орган има потреба да ја набави,
- автоматско генерирање на целокупната документација (извештај, одлука, известувања, договор и нарачки), што значително го намалува ангажманот на лицата за јавни набавки.

е-Пазарот е особено погоден за набавки на вода и пијалоци, канцелариски материјали, набавка на печатачи и тонери, средства за хигиена, набавка на компјутери и останата IT опрема како и компјутерски потрошен материјал.

Системот содржи и целосен модул за управување со нарачки и реализација на договорот, преку кој договорните органи едноставно ги избираат производите и количините, а системот автоматски креира и испраќа нарачка до избраниот понудувач.

За да се исполни обврската од Планот за раст и Реформската агенда на Република Северна Македонија - 2024–2027 година, а со тоа да постигнеме поефикасно и поекономично спроведување на набавките од мала вредност, препорака на Бирото, е секој договорен орган да спроведе најмалку една набавка преку Електронскиот пазар за набавки од мала вредност: https://e-pazar.gov.mk/.

## ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА / ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ

**Прашање:**

Објавен е оглас за набавка кој поради вредноста беше предмет на административна проверка. Во тендерската документација беше предвидено авансно плаќање. Дали, Договорниот орган согласно член 81 став (5) од законот, може по свое наоѓање или врз основа на поднесените прашања или барања од економските оператори, да ја измени или дополни тендерската документација, во делот на начинот на исплата на авансот?

**Одговор:**

Договорниот орган ја изготвува тендерската документација на начин кој ќе ја поттикне конкуренцијата помеѓу економските оператори, односно со почитување на основните начела утврдени со членовите 3-8 од законот. При тоа, сите услови, барања и критериуми (вклучително и услови за утврдување на способноста), мора да се логички поврзани и сразмерни со предметот на набавка.

Согласно член 81 став (1) од законот, договорниот орган во тендерската документација ги наведува барањата, техничката спецификација, условите, критериумите и други неопходни информации, со цел да му обезбеди на економскиот оператор целосни, точни и прецизни информации во врска со начинот на спроведување на постапката за јавна набавка.

Договорниот орган, согласно со член 81 став (5) од законот, може по свое наоѓање или врз основа на поднесените прашања или барања од економските оператори, да ја измени или дополни тендерската документација.

Измените и дополнувањата на тендерската документација, согласно со член 81 став (6) од законот, договорниот орган без надоместок и во најкус можен рок ги прави достапни на ист начин како што ја направил достапна тендерската документација.

Понудувачите имаат обврска да ја изготват својата понуда во согласност со сите барања и услови во тендерската документација односно во согласност со изменетата тендерска документација, а доколку веќе поднеле понуда, истата треба да ја повлечат и да поднесат нова во согласност со последните измени на тендерската документација.

УСЛОВИ ЗА УТВРДУВАЊЕ СПОСОБНОСТ

Прашање:

Доколку некој економски оператор има негативен финансиски резултат на крајот од годината, дали може да биде исклучен од учество на постапката за јавна набавка, само поради негативниот финансиски резултат. Дали Договорниот орган може да бара во тендерската документација понудувачот да мора да има позитивен финансиски резултат во изминатата/те години и во кои случаи?

Одговор:

Во постапката за јавна набавка договорниот орган задолжително ја утврдува способноста за вршење професионална дејност, а може да ги утврди економската и финансиската состојба и техничката и професионалната способност.

При тоа согласно член 89 став (3) од законот, договорниот орган, во постапката за јавна набавка ги вклучува само оние услови што се неопходни за да се увери дека економскиот оператор е способен да го изврши договорот, при што сите услови мора да се директно поврзани и сразмерни со предметот на јавната набавка, неговата сложеност и вредност, односно на делот од предметот на набавка кај деливите набавки.Така, согласно член 91 став (1) од законот, договорниот орган може да утврди минимални услови за да потврди дека економските оператори ја имаат потребната економска и финансиска способност за извршување на договорот. Во смисла на ставот (1) на овој член, договорниот орган може да побара економскиот оператор:

а) да има одреден минимален годишен приход, вклучувајќи и одреден минимален приход во дејноста поврзана со предметот на јавна набавка;

б) да има одредена минимална вредност на показатели на работењето, кои, меѓу другото, ги искажуваат нивоата на стабилност, ликвидност и успешност, вклучувајќи и споредба со показателите на просекот на дејноста поврзана со предметот на јавна набавка и/или

в) да обезбеди соодветно ниво на осигурување од професионални ризици.

Согласно став (4) од овој член, доколку договорниот орган бара информации од финансиските извештаи на економскиот оператор, во тендерската документација ги одредува начините и условите кои ќе се користат за оценка на исполнетоста на условот за учество и кои мора да бидат транспарентни, објективни и недискриминаторски.

Истовремено, како доказ за економската и финансиската состојба на економските оператори, договорниот орган може да побара еден или повеќе од следниве документи:

а) соодветни изводи од банки;

б) доказ за релевантно осигурување за надомест при професионален ризик;

в) извештај за билансот на состојба издаден од надлежен орган, односно ревидиран биланс на состојба или извадоци од извештајот за билансот на состојба, во случаи кога објавување

на билансот на состојба е пропишано со закон во земјата каде што економскиот оператор е регистриран и

г) извод од целокупниот приход на претпријатието (податок од билансот на успех издаден од надлежен орган, односно ревидиран биланс на успех) и онаму каде што се бара, изјава за приходот во областа која се покрива со договорот за јавна набавка и тоа најмногу за последните три финансиски години за кои се расположливи ваквите информации во зависност од датумот на кој претпријатието е основано или започнало со работа и во зависност од достапноста на таквите информации.

Оттука, договорниот орган врз основа на спечифичноста на предметот на набавка, неговата сложеност и вредност ги определува услови за утврдување на способноста што се неопходни за да се увери дека економскиот оператор е економски и финансиски способен да го изврши договорот.

Воедно, доколку сметате дека минималните услови за утврдување на економската и финансиската состојба не се директно поврзани и сразмерни со предметот на јавната набавка, неговата сложеност и вредност можете да поднесете жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки. Начинот и роковите за изјавување на жалбата се утврдени со членовите 142 и 143 од законот.

## СРЕДСТВА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ / НЕГАТИВНА РЕФЕРЕНЦА

### Прашање:

Во тендерската документација беше предвидено авансно плаќање, како и доставување на банкарската гаранција за авансното плаќање. Доколку дел од авансот е пребиен, дали може да се намали банкарската гаранција за авансно плаќање за пребиениот износ . При тоа, во тендерската и Договорот стои клаузула „Оваа гаранција има важност од денот на исплата на авансот во согласност со договорот, до денот кога изведувачот во целост истиот ќе му го врати на нарачувачот“?

### Одговор:

Договорот за јавна набавка согласно член 116 став (2) од законот, се склучува согласно со условите утврдени во тендерската документација и понудата. Истовремено, договорните страни согласно со член 117 став (1) од законот, го извршуваат договорот за јавна набавка согласно со условите утврдени во тендерската документација и избраната најповолна понуда.

Воедно, договорниот орган согласно член 103 став (1) и (2) од законот, може да предвиди авансно плаќање. За договорните органи од класичниот јавен сектор, авансот не може да биде поголем од 20% од вредноста на договорот.

Согласно со ставот (3) од член 103, договорниот орган пред исплата на авансот од ставот (2) на овој член задолжително обезбедува банкарска гаранција од носителот на набавката во висина на договорениот аванс.

Следствено на горенаведеното, ве известуваме дека согласно Законот за јавните набавки, со член 103 се уредува процентот на „Гаранција за авансно плаќање", но не и динамиката и начинот на враќање, бидејќи истата зависи од предметот на конкретната набавка.

Дополнително, за постапките за јавни набавки кои што следат, препорачуваме договорните органи во тендерската документација (како и во договорот), доколку предвидуваат „Гаранција за авансно плаќање", да предвидат и динамика на враќање.

Имајќи го предвид изнесеното, сметаме дека договорниот орган, во конкретниот случај, треба да постапи согласно веќе предвиденото во тендерската документација и склучениот договор со избраниот најповолен понудувач.

## ЕВАЛУАЦИЈА НА ПОНУДИТЕ / НЕВООБИЧАЕНО НИСКА ЦЕНА

**Прашање:**

Во текот на евалуацијата на понудите, економскиот оператор достави документи за промена на називот на фирмата. Дали да се прифати или отфрли понудата. Имено, даночниот, матичниот број и сите останати податоци се непроменети?

**Одговор:**

Од изнесените податоци, произлегува дека освен промената на називот на економскиот оператор, останатите податоци како даночен број, матичен број и други останати податоци се непроменети. Што упатува на заклучокот дека станува збор за исто правно лице.

Од друга страна со цел да потврдите дали станува збор за истиот економски оператор, можете да се обратите до Централниот регистар на Република Северна Македонија, кој е единствен надлежен орган кој врши регистрација на правните субјекти.

## ПРАВНА ЗАШТИТА

**Прашање:**

Пред јавното отворање на понудите, добиена е жалба на тендерска документација. Имено, јавното отворање треба да се одржи денес. Нашата дилема е како да постапиме: дали да продолжиме со постапка и да дадеме одговор по жалбата или постапката ја да запреме?

**Одговор:**

Поднесената жалба согласно член 157 став (1) од законот, го одложува склучувањето на договорот за јавна набавка и рамковната спогодба до конечноста на одлуката на Државната комисија.

Од наведенава одредба може да се заклучи дека жалбата го спречува склучувањето на договорот за јавна набавка и рамковната спогодба до конечноста на одлуката на Државната комисија.

Во случај кога е поднесена жалба на тендерската документација, наведенава одредба не предвидува автоматско суспензивно дејство на жалбата. Тоа значи дека договорниот орган може да продолжи со постапката доколку е вложена жалба во овој дел од постапката. Меѓутоа, продолжувањето на постапката може да е ризично бидејќи во случај на усвојување на жалбата, постапката би се вратила на почеток. Затоа, договорниот орган треба внимателно да процени дали ќе ја искористи можноста од продолжување на постапката и ќе се изложи на дополнителен ризик или ќе запре со неа и ќе го почека исходот од жалбената постапка.

Предвид треба да имате и дека во жалбената постапка согласно член 141 став (1) и (2) од законот, Државната комисија постапува во границите на жалбените наводи, а по службена должност задолжително проверува дали се сторени битни повреди. Па така во случај на утврдени битни повреди би можела да ја поништи целата постапка.